РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2142/2

03-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 60-тата седница одржана на 28.01.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2142/1 од 14.06.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување.

Да се оформи предмет во ДКСК за антикорупциска проверка на легислативата на чл. 28 и чл. 230 од Законот за води ("Службен весник на Република Македонија" бр. 87/08 ... 52/16).

Предметот со архивски број 12-2142 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2142/1 од 14.06.2021 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата е изнесено незадоволство од донесена одлука на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка на Република Северна Македонија, како и од донесена судска одлука на Основен кривичен суд во Скопје, а по однос на изречена инспекциска мерка и поднесено барање за поведување прекршочна постапка против /// и неговото одговорно лице, заради измена на дозвола за користење вода за водоснабдување од ///, како и за неуплатени надоместоци за полевање тревни површини, испуштање

отпадни води и користење сирова вода. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

По разгледување на наводите во пријавата и доставените докази, ДКСК констатира дека во конкретниот случај се работи за управна постапка, по основ на извршен инспекциски надзор во горе наведеното јавно претпријатие, која од страна на подносителот била окончана со решение за изрекување инспекциска мерка, поништено со мериторна одлука на надлежниот второстепен орган и изречена прекршочна санкција против горе наведеното јавно претпријатие и неговото одговорно лице, кои со одлука на надлежниот суд биле ослободени од одговорност. Според тоа, ДКСК нема основ за покренување било каква постапка согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со оглед дека сите надлежни органи, во овој конкретен случај, донеле одлука од своја законска надлежност.

Согласно горе наведеното, ДКСК оцени дека предметот елементи надлежно постапување за овој конкретен случај, заради што одлучи пријавата на подносителот да ја отфрли. Меѓутоа, ценејќи ја содржината на одлуката донесена од надлежниот второстепен орган, дека во чл. 28 ст. 2 од Законот за водите не е пропишана дозвола за користење вода “за полевање јавно градско зеленило”, како и дека во таа смисла, во чл. 230 од истиот закон не е предвидено носење решение за управно – инспекциска постапка, ДКСК најде дека е неопходно потребно да се изврши антикорупциска проверка на легислативата на истите овие одредби, со цел да се оценат корупциските ризици кои евентуално би настанале заради ефектот од загубата на вода од вака идентификуваната правна празнина во горе означениот закон.

Доставено до:
- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р Ш. С.